*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
*НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ*

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **22.06. 2016 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 7** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за прифаќање на иницијативата за поведување постапка за експропријација бр. 0801 – 320 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.есник на РМ бр. 5/02, и чл. 27 став 3 од законот за експропријација (Сл.весник на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13 и 27/14), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на иницијативата за поведување постапка за експропријација**

Чл.1

Се прифаќа иницијативата за поведување постапка за експропријација заради изградба на инфраструктурен објект - среднонапонски 10(20) кВ вод Свети Николе на автопатот Штип - Свети Николе - Скопје во м.в.„Шаторова Млака“ поднесена од страна на ЕВН Македонија АД Скопје.

Чл.2

Подносителот на иницијативата е должен во рок од 15 (петнаесет) дена по стапувањето на сила на оваа Одлука да депонира средства во висина на проценетата вредност на недвижноста која треба да се експроприра на депозитна сметка во рамките на трезорската сметка на општина Свети Николе, заради поведување постапка за експропријација.

Чл.3

Оваа Одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Свети Николе".

**Бр.0801-320** **Претседател**
**22.06. 2016 година** **на Совет на општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Свети Николе бр. 0801 – 321 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/2** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2016 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 15 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) и чл. 26 став 1 точка 6 од законот за експропријација (Сл.весник на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13 и 27/14), Советот на Општина Свети Николе на седницата држана на ден 22.06.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**За резервирање на средства за експропријација**
**во Буџетот на општина Свети Николе**

Чл.1

Се резервираат средства во Буџетот на општина Свети Николе за експропријација на недвижен имот и тоа:
-КП бр. 4634/10,м.в.Авлии И.Л.331 КО Св.Николе, -вон град, култура нива кл.4 пат, со повр. од 192м2 се експроприра површина од 192м2
-КП бр. 4634/11 м.в.Авлии И.Л.331 КО Св.Николе, вон град, култура јавен пат, со површина од 192м2, се експроприра површина од 126м2;
сите во сопственост на Костадин Коцев од Свети Николе, ул.„Пл.Илинден" бр 56

Чл.2

Експропријацијата на недвижниот имот наведен во чл. 1 од оваа Одлука се врши заради формирање на сообраќајница, што претставува јавен интерес утврден со закон.

Чл.3

Вкупниот износ на средствата потребни за експропријација се утврдени на 145.000,00 денари.
Средствата во наведениот износ се резервираат од Програмата Ф2, конто 485 420 – надомест за одземен имот.

Чл.4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на општина Свети Николе"

**Број 0801-321** **Совет на општина Свети Николе**
**22.06.2016г.** **Претседател**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2016 година бр. 0801 – 322 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/3** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2016 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот на локална самоуправа (Сл. Весник на Рм бр.5/2002) а во врска со член 34 од Законот за Буџети ( Св.Весник на Рм бр.64/2005,2008), на 59 седница на Советот на Општина Свети Николе на ден 22.06.2016 година донесе**

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина СВЕТИ НИКОЛЕ

## За 2016 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина СВЕТИ НИКОЛЕ за 2016 година на следниот начин:

| Потпрограма потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 743211 Капитални донации | 0 | 0 | 1.480.100 | 0 |
| | **0** | **0** | **1.480.100** | **0** |
| и се распределуваат на следните расходни потставки: | | | | |
| **J1O СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА** | | | | |
| 482730 Реконструкција на капацитети за водоснабдување | 0 | 0 | 1.480.100 | 0 |
| | **0** | **0** | **1.480.100** | **0** |

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник“ на Општина Свети Николе за 2016 година

Бр. 0801-0801 - 322

22.06.2016

Претседател на Совет на

Општина Свети Николе

**ИЛИЈА СТОИЛЕВ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2016 година бр. 0801 – 323што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/4**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

**Врз основа на член 83,чл.84,чл.85,чл.86 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Р.М. „бр. 17/2011,53/11,144/12 и 25/13), а согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(“Службен весник на Р.М. „бр. 93/11,65/12,75/12 и 98/12), член 15 од Статутот на Општина - Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” „бр. 01/.2006)и Програмата за уредување на градежно земјиште бр.0801-656 донесена на 30.12.2015 год .Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06.2016 година донесе**

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе во 2016 година

### Чл.1

**Во програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2016 година во делот IV Извори на финансирањето на Програмата приходи -расходи**

**Во делот А Извори на финансирање се врши измена во табеларниот приказ и тоа:**

**Во точка 11 Приходи од Агенција за финансиска подршка на земјоделството и рурален развој износот од „28.134.064 “денари се заменува со износот “29.614.164”денари.**

**Во делот Б.РАСХОДИ**

**Програма Ј1 –Снабдување со вода**

**-Во третиот ред” Реконструкција на водоводна линија во с. Мустафино “ во колона Буџет за 2016 година износот од „2.700.000 “денари се заменува со износот “530.000”денари.**
**-Во третиот ред “Реконструкција на водоводна линија во с. Мустафино” во колона Расходи од донации се додава износ од „1.480.100 “денари .**

**- По четвртиот ред се додава нов ред кој гласи :**

**- Реконструкција на канализациона и водоводна мрежа на ул.” Младинска” и “Крсте Мисирков” во продолжение во колоната Буџет 2016 година се додава износ од „2.170.000 “денари .**
**- Во редот “Вкупно” програма Ј1 во колоната расходи од донации износот од „541.620 “денари се заменува со износот “2.010.100”денари.**

**Чл.3**

**Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во” Службен гласник на Општина Свети Николе”.**

**Бр. 0801 - 323**
**22.06.2016 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**

**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за согласност за отпочнување со ажурирање на "Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности" бр. 0801 – 324 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/5** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2016 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), како и член 14 од Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената „(Службен весник на РМ„ бр.13/2011), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06.2016 година донесе

**О Д Л У К А**

**за согласност за отпочнување со ажурирање на "Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности"**

Член 1

Советот на Општина Свети Николе дава согласност веднаш да се отпочне со активностите за редовно ажурирање на "Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности" во координација со Подрачно одделение-РЦУК Свети Николе.

Член 2

Со преземените активности од член 1 на оваа Одлука да се обезбеди планско, навремено, целесообразно и координирано донесување на одлуки, насоки и препораки за преземање на потребните мерки и активности на субјектите на Системот за управувување со кризи на локално ниво.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Свети Николе".

**0801 -324** **Совет на Општина Свети Николе**
**22.06. 2016 год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за кофинансирање на проектот за реконструкција на ул.„Младинска“ и „Крсте Мисирков“; бр. 0801 – 325 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/6**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 15 од законот за локална амоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање на проектот за реконструкција**
**на ул.„Младинска“ и „Крсте Мисирков“**

**Чл.1**

Општина Свети Николе обезбедува средства за кофинансирање на проектот за подобрување на општински услуги - реконструкција на ул.„Младинска“ и „Крсте Мисирков“ кој се финансира преку договор за подзаем број МСИП/48-15 склучен меѓу Министерството за финансии на РМ и општина Свети Николе.

Средствата за кофинансирање на проектот се обезбедуваат од Буџетот на општина Свети Николе за 2016 година, програма Ј1 - снабдување со вода, во износ од 2.170.000,00 денари.

**Чл.2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се употребат за замена на постојната дотраена со нова водоводна мрежа на улиците „Крсте Мисирков“ и „Младинска“ .

**Чл.3**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното објавување во „Сл.гласник на Општина Свети Николе“.

**Број 0801-325**
**22.06.2016 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за прифаќање на кофинансирање на проектот „Реконструкција на систем за водоснабдување во с.Мустафино“ бр. 0801 – 326 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/7**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 15 од законот за локална амоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на кофинансирање на проектот**
**„Реконструкција на систем за водоснабдување во с.Мустафино“**

Чл.1

Општина Свети Николе го прифаќа кофинансирањето на проектот „Реконструкција на систем за водоснабдување во село Мустафино“ со средства доделени од Владата на Република Македонија а реализирани преку Бирото за регионален развој.

Средствата за кофинансирање на проектот се обезбедени во износ од 1.480.084,00 денари.

Чл.2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се употребат за реконструкција на системот за водоснабдување во с.Мустафино , а преку општина Свети Николе како носител на проектот.

Чл.3

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното објавување во „Сл.гласник на општина Свети Николе“.

**Број 0801-326**
**22.06.2016 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор на Општинската установа Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе бр. 0801 – 327 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/8** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2016 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), како и член 34 в.в. со член 37 од Законот за култура (Консолидиран текст -Службен весник на РМ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), Советот на Опоштина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување и именување на членови на Управниот одбор во ОУ**

**Дом на култура ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе**

**Член 1**

1. Бобан Јаневски се разрешува од функцијата член на Управниот одбор во ОУ Дом на култура ,,Крсте Мизирков,,

**Член 2**

1. Миле Кралев се именува со втор мандат за член на Управниот одбор во ОУ Дом на Култура ,,Крсте Мисирков од редот на истакнати поединци од областа на културата

2.Елизабета Коцева се именува за член на Управниот одбор во ОУ Дом на Култура ,,Крсте Мисирков,, како преставник од вработените во установата

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Свети Николе“.

**0801 -327** **Совет на Општина Свети Николе**
**22.06. 2016 год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишен план за вработување на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе бр. 0801 – 328 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/9**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06.2016 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишен план за вработување на**
**ООУ „Кирил и Методиј „ Свети Николе**

1.Се усвојува Годишниот план за вработување на ООУ „Кирил и Методиј„ Свети Николе.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 328**
**22.06.2016 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за пристапување кон изработка на урбанистичка планска документација за КП 10312/2 И.Л. бр.11452 КО Свети Николе - гр. бр. 0801 – 329 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/10**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 и чл.26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 51/05, 70/13,), а во врска со чл.10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти(Сл. Весник на Р. Македонија бр. 23/11...115/14), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**за пристапување кон изработка на урбанистичка планска документација за КП 10312/2 И.Л. бр.11452 КО Свети Николе - гр.**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка на урбанистичка планска документација за КП 10312/2 КО Свети Николе-гр заради вклопување на бесправно изграден објект со намена А1 – домување во стамбени куќи за кој е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект под број 1002-122 од 22.01.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето , во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0801 - 329**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Претседател на Совет,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за пристапување кон изработка на урбанистичка планска документација за КП 1244 И.Л. бр.51КО Пеширово и за КП бр. 1238/3 И.Л. 50 КО Пеширово бр. 0801 – 330 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/11**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 и чл.26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 51/05, 70/13,), а во врска со чл.10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти(Сл. Весник на Р. Македонија бр. 23/11...115/14), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**за пристапување кон изработка на урбанистичка планска документација за КП 1244 И.Л. бр.51КО Пеширово и за КП бр. 1238/3 И.Л. 50 КО Пеширово**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка на урбанистичка планска документација за КП 1244 КО Пеширово и КП 1238/3 КО Пеширово заради вклопување на бесправно изграден објект со намена А1 – домување во стамбени куќи за кој е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект под број 09-1148 од 22.08.2011 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето, во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801 - 330**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Претседател на Совет,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Управниот Одбор на ЈКП "Комуналец" – Свети Николе бр. 0801 – 331 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/12**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) како и член 26 од Законот за Јавните Претпријатија (Сл.Весник на РМ бр. 38/96,6/02,40/03, 49/06,22/07 83/09,6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на членови на Управниот Одбор на ЈКП „Комуналец„- Свети Николе**

**Член 1**

Од членови на Управниот Одбор на ЈКП ,,Комуналец,, се разрешуваат:
- Александра Стоилева
- Саше Доневски

**Член 2**

За членови на Управен Одбор на ЈКП "Комуналец" се именуваат:

- Спасе Здравков
- Ирена Новак
- Александар Лазев

**Член 2**

Мандатот на членот на Управниот Одбор е со траење од **4 (четири)** години.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0801-331**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Надзорниот Одбор на ЈКП "Комуналец" – Свети Николе бр. 0801 – 332 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/13**
**22.06. 2016 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) како и член 26 од Законот за Јавните Претпријатија (Сл.Весник на РМ бр. 38/96,6/02,40/03, 49/06,22/07 83/09,6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на Надзорниот Одбор на ЈКП ,,Комуналец,,**
**Свети Николе**

**Член 1**

За членови на Надзорниот Одбор на ЈКП "Комуналец" се именуваат :

- **Ивица Арсов**
- **Драган Мицевски**

**Член 2**

Мандатот на членот на Надзорниот Одбор е со траење од **4 (четири**) години

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0801-332** **Совет на Општина Свети Николе**
**22.06. 2016година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за исплата на парична помош бр. 0801 – 333 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22.06. 2016 година.

**Бр.0901-334/14** **Општина Свети Николе**
**22.06. 2016 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Зоран Тасев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), како и член 21 од Одлуката за извршување на Буџет на Општина Свети Николе за 2016 година бр.0801-652 од 30.12.2015 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.06.2016 година донесе

**О Д Л У К А**

**за парична помош**

Член 1

Советот на Општина Свети Николе одобрува исплата на средства во износ од 20.000,00 денари на Александар Иванов-ученик во гимназија ПСУ “Јахја Кемал” – Скопје како финансиска подршка за учество на Меѓународна олимпијада по физика што ќе се одржи во Цирих – Швајцарија.

Член 2

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Свети Николе од Програмата АО конто 413110.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр.0801- 333** **Совет на Општина Свети Николе**

**22.06.2016 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за прифаќање на иницијативата за поведување постапка за експропријација. . . . . . . . .стр.1

2.Одлука за резервирање на средства за експропријација во
Буџетот на Општина Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.2

3.Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина
Свети Николе за 2016 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.3

4.Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно
земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2016 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.4

5.Одлука за согласност за отпочнување со ажурирање на "Процената на загрозеност
на подрачјето на Општина Свети Николе од сите ризици и опасности" . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.6

6.Одлука за кофинансирање на проектот за реконструкција на
ул.„Младинска" и „Крсте Мисирков". . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.7

7.Одлука за прифаќање на кофинансирање на проектот
„Реконструкција на систем за водоснабдување во с.Мустафино". . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.8

8.Решение за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор
на Општинската установа Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.9

9.Годишен план за вработување на ООУ „Кирилк и Методиј„ Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . стр.10

10.Барање од Секторот за урбанизам за лицето Благој Митев. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.11

11.Барање од Секторот за урбанизам за лицето Љубомир Јакимов. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.12

12.Решение за разрешување и именување на членови на Управниот Одбор на
ЈКП "Комуналец" – Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..стр.13

13.Решение за разрешување и именување на членови на Надзорниот Одбор на
ЈКП "Комуналец" – Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.14

14.Одлука за исплата на парична помош. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.15

**Бр.0801-335**
**22.06. 2016година**
**Свети Николе**